Одборот за доделување на државната награда „22 Ноември“ распишува

**К О Н К У Р С**
**за доделување на државната награда „22 Ноември“ во 2022 година**

Со државната награда „22 Ноември“ се оддава признание на луѓе од политичкиот, културниот и општествениот живот во Република Северна Македонија кои дале свој придонес во унапредувањето на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање на припадниците на различните заедници, култури и вери во Република Северна Македонија.

Државната награда се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.

Државната награда, под условите утврдени во Конкурсот, може да се додели и на странски државјани, група творци, екипи и иинституции од странство.

На награден поединец му се доделува диплома и паричен износ.

На секој член на наградена група творци или екипа му се доделува диплома и еднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделува диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „22 Ноември“ изнесува *пет (5) просечни месечни плати* во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

Државната награда „22 Ноември“ се доделува, по правило, секоја година.

Во една година може да се доделат најмногу *две награди*.

Иницијатива за доделување на државната награда „22 Ноември“ може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Подносителите на иницијативата за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: *прецизни биографски податоци, точна адреса на живеење (улица, број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други податоци* за кои се *смета дека ќе придонесат во оценувањето,*

*Подносителот на иницијативата мора да ги наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.*

Текстот на иницијативата (комплетен) треба да се достави во 20 примероци, а трудови (книги, публикации и сл.) се третираат како прилози и треба да се доставаат во еден (1) примерок.

Адресата на којашто треба да се доставаат иницијативите е:

Министерство за култура на Република Северна Македонија – Одбор за доделување на државната награда „22 Ноември“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, Република Северна Македонија.

**Конкурсот трае од 1 до 31 мај 2022 година.**

Иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием, како и некомплетните иницијативи, нема да бидат разгледувани од страна на Одборот.

**Одбор за доделување на државната**
**награда „22 Ноември“**